ЗАВРШИ ГО ФАКУЛТЕТОТ БЕСПЛАТНО.
А ПЛАЌАЈ ГО ВРАБОТУВАЊЕТО
ВИАМТЕР КАТ

МАКЕДОНИЈА

Оружен грабеж во банка во Илинден

Вооружен крадец денеска ограбил експозитура на банка во скопската населба Илинден, информираат од Министерството за внатрешни работи.

Прегледи:
1906

Објавил:
Administrator

28 февруари 2024, 13:50

- Во 10.26 -часот во СВР Скопје било пријавено дека во експозитура на една банка во населбата Илинден, едно лице со закана со огнено оружје, од вработените одамно пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, соопшти МВР.

Според очевидци, грабежот бил во експозитура на една банка, а крадецот со одјавмените пари избегал во непознат правец.

Сподели
Сподели

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
E-mail
Претплати се

ШОУ БИЗ

Плејбој зајачица: Го одбив ДиКаприо, прави чудни работи во кревет (ФОТО)

Плејбој зајачицата, Хајке Конинг, реши да открие малку пикантерии за холивудскиот заводник Леонардо ди Каприо, а нејзините тврдења тешко ќе му се допаднат.

Прегледи:
6591

Објавил:
Administrator

01 март 2024, 23:59

Сподели
Сподели

Имено, холандската манекенка проговори за бакнежот со познатиот актер и неговите чудни навики во кревет.

Двојката се запознале во клуб во Лос Анџелес. Во еден момент ѝ пришол менаџерот на Ди Каприо и ѝ рекол дека актерот сака да ја запознае. Конинг тогаш му кажала на Ди Каприо дека знае дека излегува само со убавици поминати од 25 години, на што тој одговорил: „Јас сум виновен!"

„Потоа се бакнавме, беше во ред, но не ме блиску до надобриот бакнеж во мојот живот. Ме покани да одам дома со него, но јас одбив. Беше шокиран, претпоставувам дека не беше навикнат, но беше вљубен. После тоа, пријде на уште една девојка и отиде дома со него", изјавила манекенката.

„Некои од моите пријатели слушаа со Леонардо и рекоа дека тој има бизарна навика во кревет. Една ми рече дека цело време ги држел слушалките на уши „за да не мора да ја слушал", а на другиот ставил перница врз главата. Дефинитивно е premium star и premium чудак", заклучила Хајке, пренесува Daily Mail.

Бидете информирани следете не на Facebook

СВЕТ

Хаос во Хаити: Банди сакаат да го соборат премиерот, држат студенти за заложници

Вчера во главниот град на Хаити Порт-о-Пренс избувала тешка пресврелка, при што водачот на една од најголемите банди зборувал за координирани напади чија цел е да се собори од власт премиерот Ариел Анри.

Прегледи:
3303

Објавил:
Administrator

01 март 2024, 23:50

Сподели
Сподели

Во неколку квартови во речиси на главниот град се слушале пукотници, додека безбедносните сили се обидувале да ги одбијат нападачите кои целеле на полициски станици, полициска академија и други стратешки места како што е аеродромот.

Училиштата, универзитетите и разни јавни и приватни институции ги прекинале своите активности, додека стотици луѓе се засолниле во своите домови.

Студентите на Државниот универзитет на Хаити биле земени како заложници пред да бидат ослободени, изјави деканот на Факултетот за земјоделство, Жоселин Лукиан', за ABC. Нападот еден студент бил застрелан и повреден во нападот, додаде тој.

Неколку авиокомпании ги отказаа своите домашни и меѓународни летови откако проектили погодија авион и делови од аеродромскиот терминал Тусен-Ловертур.

„Сите вооружени групи ќе дејствуваат за да се постигне заминувањето на премиерот"

Од атентатот на претседателот Жовенел Моис во 2021 година, Хаити се соочи со сериозна политичка, безбедносна и хуманитарна криза, при што вооружените банди ја преземаа контролата врз поголемиот дел од земјата додека се зголемува бројот на убиствата. На власт од 2021 година, Ариел Хенри требаше да се повлечи на почетокот на февруари.

„Денес објавуваме дека сите вооружени групи ќе дејствуваат за да го издејствуваат заминувањето на премиерот Ариел Хенри", рече водачот на бандата Џими Шоризје во видео обраќање на социјалните мрежи.

„Ќе ги искористиме сите стратегии за да ја постигнеме ова цел. Ја преземаме одговорноста за сè што моментално се случува на улиците", додаде тој.

Премиерот Ариел Хенри моментално е во Кенија, земјата која ја предводи мисијата на ОН за помош на полицијата во борбата против бандите. ОН вчера соопшти дека нет земји го потврдуваат учеството во оваа коалиција и тоа Бахамите, Бангладеш, Барбадос, Бенин и ЧАД.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ
Плејбој зајачица: Го одбив ДиКаприо, прави чудни работи во кревет (ФОТО) 23:59
Хаос во Хаити: Банди сакаат да го соборат премиерот, држат студенти за заложници 23:50
Хамас: Во израелското бомбардирање на Газа се убиени седум заложници 23:44
Австралиските шампиони: Група од 17 тенисери со месеци скриени 12 годишно девојче 23:25

СВЕТ

Хамас: Во израелското бомбардирање на Газа се убиени седум заложници

Седум заложници држени во Газа се убиени за време на израелското бомбардирање на енклавата, изјави денеска Абу Убајда, портпарол на вооруженото крило на Хамас - бригадата Ал Касам.

Прегледи:
2158

Објавил:
Administrator

01 март 2024, 23:44

Сподели
Сподели

Не е познато кога загинале тие седум заложници. Бригадите Ал Касам потврдија дека бројот на заложници убиени како резултат на израелските воени операции во Газа сега надминува 70, објави Абу Убајда на Telegram.

Воената кампања на Израел доаѓа откако милитантите на Хамас убија 1 200 луѓе во јужен Израел и киднапираа најмалку 250 дрги на 7 октомври, според израелските податоци.

Израел одговори со воен напад врз Појасот Газа во кој животот го загубија повеќе од 30.000 Палестинци, соопшти Министерството за здравство на енклавата, која е под власт на Хамас.

За време на едноседминото примирје во ноември, Хамас ослободи повеќе од 100 израелски и странски заложници во замена за ослободување на 240 палестински затвореници.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ
Плејбој зајачица: Го одбив ДиКаприо, прави чудни работи во кревет (ФОТО) 23:59
Хаос во Хаити: Банди сакаат да го соборат премиерот, држат студенти за заложници 23:50
Хамас: Во израелското бомбардирање на Газа се убиени седум заложници 23:44
Австралиските шампиони: Група од 17 тенисери со месеци скриени 12 годишно девојче 23:25

Пренесување на авторски текстови и видеа без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ е кривично дело. Пренесување на авторски текстови и видеа со главные натрупвање до содржината на сајтот на Канал 5 ТВ без претходна писмена дозвола од Канал 5 ТВ исто така е кривично дело. Непочитување на авторските и сродни права е казнено со закон.